У-5.бр.1975/2019

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработни, решавајќи по барање на тужителот Друштво за производство трговија и услуги,, Лајман Дрво ДООЕЛ увоз-извоз Велес изјавено преку полномошник Трајче Трајковски од Велес, за надомест на трошоците во постапката по предметот У5 бр.1975/2019, на ден 08.04.2021 година го донесе следното:

ДОПОЛНИТЕЛНО Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на судските трошоците на постапката против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, на ден 10.12.2019 година преку полномошник Трајче Трајковски, адвокат од Велес, поднесе тужба против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 год1975/2019 од 16.01.2020 година. Постапувајќи по поднесената тужба, судот донесе пресуда У5.бр.1975/2019 од 16.01.2020 година со која тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, се уважува, а оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, во став 3 од изреката, се поништува и се одлучува: Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 5.000,00 денари за состав на жалба и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Во останатиот дел од изреката, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година, останува непроменето.

Незадоволен од ваквата пресуда, тужителот преку полномошник Трајче Трајковски, адвокат од Велес поднесе жалба до Вишиот Управен суд Вишиот Управен суд во постапка по жалба со административно писмо од 29.03.2021 година побара од Управниот суд да донесе дополнително решение по однос на барањето на тужителот за трошоците за состав на

тужба против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-745/29 од 06.11.2019 година.

Постапувајќи по барањето на полномошникот на тужителот за признавање на трошоците во постапката Судот најде дека истото е неосновано.

Согласно член 7-б од Законот за управните спорови (Службен Весник на РМ бр.62/06 и 150/10), во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие, поради што се одлучи како во изреката на ова решение.

РЕШЕНО ВО УПРАВНИОТ СУД на ден 08.04.2021 година под У5.бр.1975/2019.

| Записничар - виш судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Моника Китановска | m-r Diturije Elezi Neziri |

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri